Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

31. Декември 2025 година

Архивски број : 67-2041/ 135

ДО:
СУБЈЕКТИ

ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ОПШТ ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ПО УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ – ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО МОЌНОСТ НАД 10MW, КО ИЖИШТЕ, ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Почитувани,

Врз основа на член 49-а од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ, бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Ве известуваме за одржување на ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА за УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ – ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО МОЌНОСТ НАД 10MW, КО ИЖИШТЕ, ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД.

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење ќе биде изложен на увид и проверка на широката јавност во просториите на Министерството за транспорт, а исто така урбанистичкиот план е достапен и во информацискиот систем е-урбанизам и на веб станата на министерството.
Јавната презентација ќе трае од 02.01.2026 година до 09.01.2026 година.


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

Соопштението за организирање на јавната презентација е објавено во информацискиот систем е-урбанизам и на веб станите на министерството и општина Македонски Брод. Во наведениот рок, заинтересираните правни и физички лица од подрачјето опфатено со урбанистичкиот план можат да доставуваат забелешки и предлози на анкетни листови, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам, на е-адресата info@mtc.gov.mk или во писмена форма за време на стручно презентирање на планското решение кое ќе се одржи на ден 08.01.2026 година (четврток) во 11 часот во просториите на Министерството за транспорт.

МИНИСТЕР
АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ * СКОПЈЕ · SHKUP

Со почит,
Весна Андриеска, диа
Раководител на Сектор за уредување на просторот

Изработил: Сања Малевска, диа


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина“ бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk